<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Анализа на литературни текстови<br><br>тема,<br>порака/идеја,<br>настан,<br>лик,<br>време,<br>место</td>
<td>Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна.<br><br>Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст</td>
<td>41</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Наставникот на видебим истакнува работен лист и ги насочува учениците заедно да го изработат.<br>• Кој збор се крие во анаграмот?<br>Го читаат и одговараат секое барање и ја искажуваат почетната буква од зборот:<br>1. Расте на секое дрво(лист)<br>2. Со неа се крпи, шие(игла)<br>3. Топлина и светлина зрачи(сонце)<br>4. Дом на Ескимо(игло)<br>5. Вкусни плодови кои личат на обетки(цреши)<br>6. Не е птица, ама лета(авион)
<table><tr><td>1.</td><td>2.</td><td>3.</td><td>4.</td><td>5.</td><td>6.</td></tr><tr><td>л</td><td>и</td><td>с</td><td>и</td><td>ц</td><td>а</td></tr></table>
Искажете пет зборови кои ги поврзувате со зборот лисица. _________ ________ _________ _______ ________<br>Брзи прсти- Запиши ги седмата, деветтата, деветнаесеттата и дваесеттата буква од азбуката.<br>Кој збор го добивте? ___ ___ ___ ___. (ЕЗОП)<br>Главен дел – искуствено учење<br>* Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело„ Басни“ од Езоп. Се поведува краток разговор за Езоп и она што е помалку познато за него. (Запишал</td>
<td>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>примерок од лектирата „Басни “ од Езоп<br><br>тетратка<br><br>работен лист</td>
<td>Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае карактеристиките на басната<br><br>Опишува изглед на ликови во басна<br><br>Опишува особини на ликови преку нивните постапки<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно 426 басни- кратки приказни од кои учениците извлекуваат морални и животни лекции)<br>*Подготовка на учениците за внимателно гледање и слушање на анимирана басна „ Лисица и грозје“.<br>https://www.youtube.com/watch?v=TNg7KqbDc_8<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Од која книга е оваа басна?<br>• Кој е автор на басната?<br>• Кои ликови ги сретнавме во неа?<br>*Ја анализираме искажаната реченица од лисицата:<br>„ Не го сакам ова грозје. Се уште е кисело.“<br>*Преку пораката изведуваме и заклучок за особините кои ги поседува лисицата.<br>*Се избира басна по избор од наставник или ученици, се чита и се анализира. Може да се направи избор на повеќе басни во кои еден од ликовите е лисицата.<br>• Кои се ликови во басната?<br>• Како ги оценуваш нивните постапки?<br>• Кои особини ги поседуваат ликовите?<br>*Учениците запишуваат краток план за обработените басни, особините на ликовите и извлечената поука во тетратка или работен лист.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците извлекуваат заклучоци за карактеристиките на басните.<br>БАСНА е кратка поучна приказна каде главни ликови се животните кои имаат човечки особини и се однесуваат како луѓето. Во нив се прикажуваат разни меѓучовечки односи, се исмеваат нивните слабости(глупавоста, алчноста, мрзата, негрижата, насилството, злобата), се возвишуваат нивните добрини (храброста, добрината).<br>*Учениците можат да илсутрираат ликови од обработените басни или да изработат стрип во* | <br><br><br> | Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *времето за продолжен престој.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови<br><br>тема,<br>порака/идеја,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна.<br><br>Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 42 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* На таблата се изработува грозд за карактеристиките на басната како литературна творба:<br><br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците усно раскажуваат басни кои најмногу им оставиле впечаток.<br>*Се искажуваат по дадени прашања:<br>• Кои ликови ги сретнавте во басната?<br>• Опиши го нивниот изглед.<br>• Како се однесуваат ликовите ?<br>• Според нивните постапки кој лик е добар, а кој лош?<br>• Направете споредба со постапки на луѓето во реалниот живот.<br>Пр. **магарето**- инаетчија, наивно, глупаво<br>**волкот**- насилник, лаком,<br>**лисицата**- итра, лакома, себична и сл.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците добиваат работен лист за анализа на | бела табла<br><br>маркер<br><br>примерок од лектирата „Басни “ од Езоп<br><br>тетратка<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае карактеристиките на басната<br><br>Опишува изглед на ликови во басна<br><br>Опишува особини на ликови преку нивните постапки<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лектирното дело. Пример за барања за работен лист:<br>• Запиши 3 наслови на басни кои ти оставија најсилен впечаток.<br>• Кај кои ликови воочи негативни особини ( лакомост, насилство, мрза, глупавост...)<br>• Од која басна извлековме поука дека....<br>*Учениците за домашна работа добиваат работен лист за анализа на една басна (прилог со сценариото)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови реченици<br><br>(**расказни,** потврдни, одречни, прашални и извични реченици) | Иденификува видови реченици во даден текст | 43 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Неколку ученици извлекуваат картички на кои се напишани реченици. Прво треба да ги прочитаат тивко во себе, а потоа гласно со соодветна интонација според интерпункцискиот знак на кој завршуваат речениците. Останатите ученици треба да погодат дали реченицата е расказна, прашална или извична. **Пр.**<br>• **Кучето спие во својата куќичка.**<br>• **Дали мама се врати од работа?**<br>• **Ех, колку ми се спие!**<br>• **Учениците го исчистија училишниот двор.**<br>*Се поведува дискусија зошто е важна правилната интонација за разбирање на речениците(пр. не се повишува тонот при изговорот на расказната реченица).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците се насочуваат на читање во себе на текстот „Мартиновото писмо“ стр. 52. Потоа текстот се чита штафетно, неколку ученици читат по една реченица.<br>**Драг мој дедо,**<br>**Оваа година јас сум ученик во трето одделение. Редовно одам в училиште и внимателно слушам што зборува нашиот добар учител...**<br>*Низ прашања се анализира содржината:<br>• Кој го пишува ова писмо? | картички со реченици<br><br>компјутер<br><br>видеобиим<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Иденификува расказни реченици во даден текст<br><br>Чита расказни реченици со правилна интонација<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Кому е упатено писмото?<br>• Што му раскажува Мартин на својот дедо во писмото?<br>• Зошто му го пишува тоа во писмото?<br>• Што сака да слушне Мартин од својот дедо кога ќе го посети?<br>*Наставникот ги прашува учениците:<br>• Какви реченици ви поставував за текстот? (прашални)<br>• Со какви реченици вие ми одговаравте на прашањата?(расказни)<br>*Учениците извлекуваат заклучок за расказни реченици:<br>Расказни реченици се оние реченици со кои нешто се раскажува. На крајот од расказните реченици пишуваме точка.( гласот треба да го спуштиме и да направиме малку одмор)<br>*Низ примери откриваат кога се користат расказни реченици и запишуваат во тетратката.<br><br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците индивидуално работат во тетратка по дадени насоки:<br>- Опиши го својот најдобар другар или својата другарка. Внимавај на правописните правила и кој интерпункциски знак треба да го напишеш на крајот на реченицата. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 44 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Преку постер со печатни букви од латиницата се повторуваат изучените букви:<br>Aa, Bb, Vv, Dd, Ee, Ii, Jj, Kk, Mm, Nn, Oo, Pp, Rr, Ss, Tt, Ḱ ḱ,<br>*Наставникот запишува неколку зборови на таблата и го проверува читањето на учениците. Меѓу нив има и зборови со букви кои не се изучени. Учениците ги пронаоѓаат непознатите букви.<br>Lile, letalo, usta, Nela, uvo, list<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Лл и Уу од кирилицата со латиничнте букви Ll, Uu преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>Лена – Lena, лето – leto, - мува- muva, убава – ubava, Битола – Bitola...<br>• Лена лета летало. ___________________<br>• Усниja е убава.______________________ | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Nautro e ladno.______________________________<br>• Rumena ubavo sviri na klavir. ___________<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците решаваат крстозбор во учебникот и го пополнуваат со латинични букви.<br>Реши го крстозборов. Пишувај на латиница!<br><br><br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 45 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците во парови се насочуваат да ги откријат зборовите кои се кријат во анаграмите.<br>Р Г О З Е Ј З И Г Р Г Р З АД А<br>(грозје) (гриз) (зграда)<br>*Се даваат насоки во вид на асоцијација доколку учениците имат потешкотии во откривање на зборовите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Зз и Гг од кирилицата со латиничнте букви Zz, Gg преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>Горан– Goran, Зоран – Zoran, - гума- guma, заб – zab, Гостивар – Gostivar, …<br>• Gabriela e na zabolekar.<br>• Zlatko go boli glavata.<br>• Zosto go zede zeleniot moliv?<br>• Go vide gulabot na grankata?<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>сина и црвена боичка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Хорово читање на текстот „Zoran i gulabot“ стр. 34. Учениците добиваат задача со црвена боичка да ги потцртат зборовите кои ја содржат буквата Zz, а со сина буквата Gg. Доколку во еден збор ги има двете нови букви, го потцртуваат зборот со две линии(црвена и сина).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td><td>За секоја печатна буква напишана на кирилица ја идентификува соодветната печатна буква напишана на латиница<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо</td><td>46</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Подготовка на учениците за активноста на часот.<br>Секој ученик добива работен лист за индивидуална работа( во прилог со сценариото).<br>Главен дел – искуствено учење<br>* Наставникот на видеобим го презентира работниот лист , а учениците следат насоки за индивидуална работа.<br>*Учениците кои имаат потреба од поддршка може да се служат и со постерите со печатни латинични букви.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>*Анализа на одговорите. По завршување на работата, на видеобим учениците следат како требаше правилно да ги одговорат барањата.<br>*Учениците се искажуваат колку се задоволни со својата работа и се даваат насоки за подобрување.<br>Домашна работа- Да се извежбаат барањата од учебник стр.35<br>Рефлексија<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)</td><td>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>работен лист за ученикот</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во рабтен лист</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Влијание на медиумите (проблема-тични и поучниинформ ации, манипулативни содржини | Идентифи-кува манипула-тивни содржини во медиумите | 47 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Наставникот на табла црта две лица – едно намуртено и друго расположено. Учениците се делат во четири групи. (2 x 2 ) групи добиваат ист текст.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>***Прва група** добива работен лист со следниот текст:<br>*На една планета си живееле Банци и Донци. Банците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив Донците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.*<br><br>Текст за **втора група:**<br>*На една планета си живееле Донци и Банци.* ***Донците*** *биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив* ***Банците*** *биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.*<br><br>Секоја група се договара кој цртеж на таблата ги | табла маркери<br><br>креди во боја<br><br>работен лист<br><br>видеобим<br><br>компјутер | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава манипулативни содржини во медиумите<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | претставува Банците, а кој Донците. Потоа, наставникот прашува кое лице го поврзале со едните, а кое со другите. Откако ќе се констатира дека изборот е различен за различни групи, групите го читаат текстот што го добиле и се констатираат разликите.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Дискусија по прашања и изведување заклучоци.<br>• Дали тој што го напишал текстот за расположените Банци и намуртените Донци е Банец или Донец?<br>• Кој го напишал другиот текст?<br>• Како ги доживеавте Банците и Донците?<br>• Од што зависеше тоа?<br>• Што би се случило доколку се сними филм инспириран од едната верзија, без да се знае другата?<br>• Кои (Донците или Банците) ќе им бидат посимпатични на гледачите?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Влијание на медиумите (проблема-тични и поучниинформ ации, манипулативни содржини</td><td>Идентифи-кува манипула-тивни содржини во медиумите</td><td>48</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Наставникот ги истакнува двете верзии на текстот кој се работеше на претходниот час.<br><table><tr><td>На една планета си живееле Банци и Донци.<br><br>Банците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив Донците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.</td><td>На една планета си живееле Донци и Банци.<br><br>Донците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив Банците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.</td></tr></table>*Учениците се искажуваат што е позитивно нагласено во првиот текст, а што негативно и прават споредба со вториот текст.<br>*Како да одлучиме и да заземеме страна кој од нив се паметни, трудољубуви и гостољубиви, а кои се мрзливи, љубоморни и намуртени?<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Наставникот ги насочува учениците да размислат по дадено прашање:</td><td>компјутер<br>видеобим<br>бела табла<br>работен лист<br>маркери</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Препознава манипулативни содржини во медиумите<br>Одговори во работен лист<br>Активно учество во групни активности<br>Учество во изведување заклучоци</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како ќе реагирате ако на интерент или на ТВ слушнете или прочитате најава со следниот текст:<br>НЕВЕРОЈАТНА СЛУЧКА!На нашето небо се случи една неверојатна битка помеѓу двајца вонземјани.<br>*Учениците добиваат работен лист за работа во парови или мали групи.(*предлог Вежбанка по македонски јазик за трето одделение- Арс Ламина*)<br>*Учениците ги анализираат двете варијанти од текстот и одговараат на прашања поврзани со нив.<br>• Каква случка се случила на небото?<br>• Зошто била неверојатна таа случка?<br>• Како се опишани вонземјаните според едната ,а како според другата варијанта?<br>• Кој според вас ја започал битката? Зошто мислиш така?<br>*Учениците ги читаат одговорите и изведуваат заклучоци зошто имаат различни ставови во врска со случката во текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Наставникот презентира примери од реклами за некои производи (пр. средство што чисти сè, паста за заби што е најдобра за користење, витамини што даваат сила) и во дискусија се заклучува дека медиумските содржини многу често се креираат така да се истакнат само некои работи или да се извртат работите во нечија корист.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови реченици (расказни, потврдни, одречни, **прашални** и извични реченици) | Идентифику-ва видови реченици во даден текст | 49 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот на таблата запишува една реченица и заедно со учениците се анализира со помош на неколку прашања.<br>**Мирјана ќе слави роденден во игротеката „Бабми“ во петок**.<br>• Кој ќе слави роденден ?<br>• Што ќе слави Мирјана?<br>• Каде ќе слави роденден?<br>• Кога ќе слави роденден?<br>*Учениците запишуваат во тетратката прашални зборови и се обидуваат усно да искажат реченици со нив.<br>КОЈ? КАДЕ? КОГА? ШТО?<br>ЗОШТО? КОЛКУ? ДАЛИ?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците читаат текст тивко во себе на стр. 53 и добиваат задача да ги пронајдат и потцртаат прашалните реченици. Се разговара за содржината на текстот низ прашања.<br>*Текстот се чита гласно, потцртаните реченици се запишуваат на табла или се истакнуваат на видебим(се потцртуваат). | компјутер<br><br>видеобиим<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>4 пликови<br><br>картички со зборови и интерпункциски знаци | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Иденификува прашални реченици во даден текст<br><br>Чита прашални реченици со правилна интонација<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правите тука деца?<br>• А дали смеете да играте покрај патот?<br>• А зошто да не смееме чичко Бојан?<br>• Знаете колку други побезбедни места има за играње?<br>• Нели Емир?<br>*Учениците извлекуваат заклучок за прашални реченици:<br>Прашални реченици се оние реченици со кои нешто прашуваме. На крајот од прашалните реченици пишуваме прашалник. ( гласот треба да го крениме, повишиме).<br>*Учениците во парови добиваат задача за состават прашални реченици од дадени раскажни реченици:<br>1. Михаела чита книга? (Кој? Што?)<br>2. Вчера бевме на кино. (Кога? Каде?)<br>3. Васил има 100 денари.( Кој? Колку?)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците се поделени во четири групи.<br>Секоја група во плик добива исечени зборови и картички со по еден интерепункциски знак- точка, прашлник и извичник.<br>Учениците треба да состават реченица и да го стават соодветниот знак.<br>**Пр.** читаш за кога ја книгата ќе вселената? . !<br>**Кога ќе ја читаш книгата за вселената?**<br>вие вчера бевте дали театар на ? . !<br>**Дали Вие бевте вчера на театар?**<br>*Се поведува дискусија дали тешко ги составиле речениците и што им помогнало да откријат дека знакот на крајот на реченицата е прашалник.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, **песна**) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима). | 50 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот ги насочува учениците внимателно да ги слушнат зборовите кои ќе ги изговори. Од секој збор ја запишуваат само почетната буква. Потоа од буквите треба да состават збор.**Пр.**<br>кокиче – **К** печурка – **П**, јајце- **Ј**, сонце- **С**, облак- **О** езеро – **Е** **К, П, Ј, С, О, Е**<br>Може да даде помош со клучен збор- погодуваме име на град.<br>*Учениците го откриваат зборот- Скопје.<br>*Краток разговор за Скопје како главен град на Македонија со информации кои одговараат на возраста и предзнаењата на учениците за него.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците внимателно следат изразно читање на песната„ Песна за Скопје“ стр. 48.<br>*Учениците се запознаваат дека поетот Бошко Смаќоски ја посветил песната на Скопје по разорниот земјотрес во 1963 година. Во песната тој ги искажува своите желби и надежи за повторна обнова на Скопје кој ќе никне во уште поубав град. А во неговата изградба здружно ќе учествуваат сите- (Скопје е наречен и град на солидарноста).<br>*Учениците се запознаваат и со информација дека на 13 Ноември 1944 година Скопје е ослободен од фашистите и | компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Определува строфи и стихови во песната<br><br>Пронаоѓа рима во песната<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | се празнува како Ден на ослободување на градот Скопје<br>*Учениците ја читаат песната строфа по строфа и ги опишуваат поетските слики.<br>*Во секоја строфа ги определуваат римуваните зборови.<br>**никне- бликне, фат-кат, цвет- свет, вик-лик**<br>*Учениците запишуваат краток план за песната.<br>**1. Градот убав пак ке никне.**<br>**2. Скопје е град на младоста.**<br>3. **Новото време радости ќе носи**.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците се подготвуваат за слушање на композиција изведена од детскиот хор „ Златно славејче“. Наставникот ги насочува внимателно да ја следат содржината на песната со отворени учебници.<br>Учениците откриваат дека тоа е истата песна која ја обработуваа на часот за која е напишана мелодија – од композиторот Александар Џамбазов<br>https://www.youtube.com/watch?v=BgNg5pmnbAo<br>*Меѓупредметна интеграција со музичко образование- песната може да се обработи на часот по музичко образование*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Читање со разбирање</td><td>Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината на прочитан текст<br><br>Пронаоѓа зборови и реченица како одговор на прашања во врска со содржината на прочитан текст</td><td>51</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Учениците на презентација следат фотографии со дрвја, и се се искажуваат дали се листопадни или зимзелени.<br>• По што ги разликувате?(лист, цвет, плод)<br>ДАБ БРЕЗА<br>   <br>БОР <br>Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците следат изразно читање на текст„ Бреза и даб“ и при читањето препознаваат зборови кои се совпаѓаат по звучност(како римата во песните). Се читаат и се дискутира како тие зборови ја прават поинтересна и попривлечна содржината на текстот.<br>Пр. Утрово рано-рано, само што пукна зората, една бреза</td><td>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка</td><td>Усно одговара на прашања со целосна реченици<br><br>Пронаоѓа зборови и реченици во текст кои се одговор на поставени прашања<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вита, **стројна**, со дабот – сосед започна „**војна**“<br>Леле, соседу, му рече – колку си дебел и **груб**! Згора на се, глеј – имаш и рапав **труп**! И гранките ти се криви... Осакатен си **цел**, а толку голем простор во шумава си **зел**"...<br>*Учениците се насочуваат на читање на текстот во себе со насоки за самостојно да го анализираат според барањата во учебник стр.50. **Пр.**<br>• Разговорот во текстот го водат ______________<br>• Брезата му рекла на дабот:<br>**а)** дека е убав и раскошен **б)** дека е дебел и груб<br>• Пронајди ја реченицата што ја кажува брезата и препиши ја......<br>• Пронајди ја реченицата што ја кажува дабот во која ги има зборовите листопадни и зимзелени....<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Читање и анализа на одговорите и изведување на заклучок дека со внимателно читање може да се пронајдат зборовите и речениците кои се одговор на поставените барања/прашања.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Слушање со разбирање</td><td>Идентифику-ва нелогичности во слушнат текст</td><td>52</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Наставникот на таблата лепи картички со зборови. Неколку ученици добиваат задача да состават реченици со избран збор, но речениците да немаат смисла.<br>Пр. сладолед мечка грав боранија...<br>• Сладоледот се чува во печка за дрва.<br>• Мечката прави ручек во кујната.<br>• Јадов слатки колачи подготвени од грав и боранија.<br>Главен дел – искуствено учење<br>* Учениците добиваат работен лист со текст во кој треба да откријат што не е логично во содржината и дали е возможно да постои такво суштество (пример за текст во Вежбанка по македонски јазик за трето одделение-Арс Ламина) - УЛИЧНАТА МАЧКА<br>На нашата улица живее една чудна мачка која ја викаме Бела... И покрај нејзиното име, таа не е ниту црна, ниту бела, ниту кафеава...<br>*Учениците одговараат на прашања според содржината на текстот. Објаснуваат зошто мачката е чудна и кои се нелогичностите во содржината на текстот.</td><td>картички со зборови<br><br>селотејп<br><br>табла<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>боички</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Идентификува нелогичности во слушнат и пишан текст<br><br>Домашни задачи</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците прават илустрација на мачката според описот во текстот.<br>*Меѓупредметна интеграција со ликовно образование .*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 53 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците добиваат задача да откријат во кои зборови се наоѓаат буквите кои не им се учени.<br>Штом слушнат збор во кој препознаваат нова буква подигаат рака и кажуваат која буква не ја имаат учено.<br>košarka, vrata, žaba, zelka, Žaneta, Štip, sapun, zajak, lebed… šišarka…<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Жж и Шш од кирилицата со латиничнте букви Ž ž, Š š преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>špageti, šal, Šemsa, Štip, šega, Žarko, žaba, žal, želba<br>• Živko ima želba da patuva za Španija.<br>• Što noseše Saška vo košnicata?<br>• Žane sobira šišarki vo šumata.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Штафетно читање на текстот „Esen vo šumata“ стр. 36.<br>Учениците на картички запишуваат зборови кои ги сретнуваат во текстот со изучените печатни букви од | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>празни картички<br><br>фломастери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | латиницата и ги ставаат во ZBOROVNA KUTIJA“.Пр. **Žare, Saška, šišarki, šuma…**<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | кутија | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 54 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Читање на текстот„Esen vo šumata“ – проверка на читањето со изучените латинични букви.<br>*Преку постер плакат се повторуваат сите изучени букви, и се откриваат буквите кои остануваат да се обработат. Се запишуваат на таблата.(остануваат уште 9 букви)<br>Cc, Č č, Lj lj, Nj nj,Ff, Hh,Dz dz, Dž dž, Ǵ ǵ<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Цц, Чч од кирилицата со латиничнте букви Cc, Č č преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>čaj, četka, meč, mačka, čaša, Čikago, cveklo, cucla, creša,Capari, Kavadarci…<br>*Учениците се насочуваат да кажуваат реченици со изучените букви и истите се запишуваат на табла и во тетратките.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Хорово читање на текст „Čuden den“ стр. 37. Учениците штафетно читаат по една реченица од текстот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови реченици (расказни, потврдни, одречни, прашални и **извични реченици**) | Идентифику-ва видови реченици во даден текст | 55 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Краток квиз за проверување на предзнаењата на учениците за видови реченици. Учениците имаат изработени картички со 3 интерпункциски знаци: **.** **!** и **?**<br>Преку презентација се истакнуваат 5 реченици(една по една), а учениците треба внимателно да ја прочитаат реченицата и да подигнат картичка со соодветен знак на кој треба да заврши реченицата. По секој одговор добиваат повратна информација дали точно одговориле.<br>**Пр.** Бабата му раскажува убава приказна на внучето<br>Не сакам да јадам боранија<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците се насочуваат на читање на текстот „ Лажго“ стр. 55. Одговараат на прашања и се искажуваат за народната поговорка„На лагата и се кратки нозете“.<br>*Учениците добиваат задача да ги пронајдат и потцртаат речениците во текстот преку кои детето бара помош од селаните.<br>– Помагајте, луѓе, волкот дојде!<br>– Трчајте на помош, луѓе! Луѓе, волкот навистина дојде!<br>Се читаат речениците со правилна интонација<br>• Како детето ги изговара овие реченици?<br>*Учениците извлекуваат заклучок за извични реченици:<br>Извични реченици се оние реченици со кои искажуваме радост, страв, болка, заповед, чудење, желба и др. Ги | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Иденификува извични речениците во даден текст<br><br>Чита извични реченици со правилна интонација<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изговараме со повисок глас. На крајот од извичните реченици пишуваме извичник(!) ( гласот треба да го крени, повиши).<br>*Учениците во парови добиваат задача по дадени слики да составаат извични реченици со кои се искажува некое чувство:радост, страв, болка, восхит и сл.<br>*Учениците ги читаат речениците .<br><br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците се насочуваат да ја пронајдат и прешишат реченицата во која правилно е употребен знакот извичник.<br>1. На масата имаше шарена вазна!<br>2. Девојчето ја здогледа вазната!<br>3. Леле, колку убава вазна!<br>Предлог активности за повторување за извични реченици во домашни услови<br>[https://www.youtube.com/watch?v=9cRp1SD7T1Q](https://www.youtube.com/watch?v=9cRp1SD7T1Q)<br>*Македонски јазик - Извична реченица и вежби за видови реченици- Едуино видео лекција*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ / ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Изговор<br><br>Видови реченици (расказни, потврдни, одречни, прашални и извични реченици) | Користи правилна интонација при кажување на расказни, прашални и извични реченици<br><br>Иденификува видови реченици во даден текст | 56 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците поделени во групи добиваат кратки реченици кои се напишани со соодветни интерпункциски знаци. Во секоја група има картички со реченици колку што се членови во групата.<br>Секој ученик од групата чита по една реченица со правилна интонација и се искажува каква реченица прочитал/а.<br>**Пр.** Зошто плачеш? Реченицата е прашална бидејќи со неа прашуваме.... Оваа реченица завршува на ?<br>*Се поведува дискусија зошто е важна правилната интонација за разбирање на речениците(пр. не се повишува тонот при изговорот на расказната реченица).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците индивидуално работат во работен лист- *Предлог активности од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина*<br>1.<br><br>ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ<br>1. Поврзи ги правилно речениците според видот и означи ги потврдните реченици со ✓.<br>Вчера времето беше многу убаво. ☐<br>Кога ќе ја читаш книгата? ☐<br>Весна не купи нови дрвени боички. ☐<br>Леле, колку доцнам на состанокот! ☐<br>Каде ќе биде роденденот на Кате? ☐<br>Уф, заборавив на колачите во рерната! ☐<br>Снежана трчаше исплашено во шумата. ☐<br>Зошто плачеше кога те видов? ☐<br>РАСКАЗНА РЕЧЕНИЦА<br>ПРАШАЛНА РЕЧЕНИЦА<br>ИЗВИЧНА РЕЧЕНИЦА | картички со реченици<br><br>презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Користи правилна интонација при изговор на различни видови реченици<br><br>Иденификува видови реченици во даден текст<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2. Во речениците се изоставени интерпункциски знаци. Напишете ги потребните интерпункциски знаци и прочитајте ја реченицата со соодветна интонација.<br>3. Од дадените зборови состави расказна, прашална и извична реченица....<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците ги читаат своите одговори и се прави анализа на совладаноста на содржините за видови реченици- расказни, прашални и извични.<br>*Предлог активност за вежбање за видови реченици во домашни услови или во време на други активности на училиште „Приказна за раѓањето ан едно езеро“ стр. 56*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање | Идентифику-ва непознати зборови во слушнат текст и го опишува нивното значење со свои зборови | 57 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците слушаат изразно читање на текст -*предлог текст „Торнадо“* од *Вежбанка по македонски јазик за трето одделение- Арс Ламина*.<br>Штом слушнат непознат збор од текстот извикуваат „СТОП“. Го кажуваат непознатиот збор, го запишуваат и го објаснуваат неговото значење според тоа што го сфатиле од контекстот.<br>ТОРНАДО<br>Дороти живееше среде големите канзаски прерии, со тетин Хенри, кој беше фармер, и тетка Ема, неговата жена<br>Пр.<br>• Мислам дека **торнадо** е...<br>• Канзаски прерии се некое место...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците во групи добиваат работен лист со зборови од текстот. Со помош на интернет(компјутер, таблет, мобилен телефон) по дадени насоки се обидуваат да го откријат значењето на зборовите. | компјутер<br>видеобим<br>бела табла<br>работен лист<br>мобилни телефони<br>таблети<br>прибор за пишување<br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одговори во работен лист;<br>Идентификува непознати зборови во слушнат текст и ги објаснува со свои зборови<br>Придонес во работа во група<br>Домашни задачи |

Секој збор подолу истражи го и пронајди го неговото значење како во дадениот пример. Потоа, напиши го значењето во табелата.

| збор | значење |
|---|---|
| преријa | пространа рамнина обрасната со треви и без дрвја |
| балван | |
| ураган | |
| креденец | |
| торнадо | |

Учениците ги читаат објаснувањата на зборовите кои ги пронајдоа со пребарување.

**Завршни активности – изведување заклучок**

* Секој ученик добива лист поделен на четири дела каде се дадени насоки како да даде објаснување на еден непознат збор кој сам ќе ги избере од текстот.

| | |
|---|---|
| Непознат збор | Објаснување на значењето на зборот |
| Реченица во која ќе се употреби зборот | Цртеж од она што означува самиот збор |

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст.<br><br>Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки. | 58 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците се насочуваат да размислат кој им е омилен подарок што го добиле од своите родители.<br>• По кој повод го добивте?<br>• Зошто ви се допаѓа?<br>• Дали имавте побарано од родителите да ви го купат или беше изненадување за вас?<br>Дискусија по прашање:<br>• Дали е потребен некој повод за да се подарува нешто на најблиските во фамилијата или на пријателите?<br>• Што може да подариме, а да не ни се потребни пари?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст„ Подарок и бакнеж“ стр. 59.<br>*Одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• За што се зборува во текстот?<br>• Кои ликови ги сретнавме?<br>• Кој го пречекал таткото кога се вратил од работа?<br>• Каква убава вест му соопштила мајката на својот сопруг?<br>• Што му шепнала таа на своето дете? | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>видеобим<br><br>компјутер | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава расказ според содржината, ликовите и настанот.<br><br>Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Опишува изглед на ликови во текст и ги објаснува нивните особини<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Зошто момчето било збунето?<br>• Како се чувствувал таткото во тој момент?<br>• Каква мисла добил таткото во истиот момент?<br>• Дали ти се допадна подарокот што му го дал на своето дете?<br>• Што мислиш за мислата: Бакнежот ја зголемува вредноста на подарокот за стопати, за илјадапати, за илјада по илјадапати<br>*Учениците се запознаваат со поимот расказ.<br>Расказ е кратка творба во која се зборува за еден момент или за некој настан од животот на еден лик.<br>*Читање на текстот од учениците и ги опишуваат ликовите, нивниот меѓусебен однос и се искажуваат за постапките на исите.<br>- Пречек на таткото кој се враќа од работа;<br>- Пофалба на детето за неговата послушност;<br>- Давање на подарок за послушност и почит;<br>- Подарокот е дарување на топла прегратка и искрен бакнеж;<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците слушаат искази поврзни со текстот и се искажуваат со ДА ако се согласуваат и НЕ ако не се согласуваат.<br>1. Мајката и синот не треба да го пречекуваат таткото кога се враќа од работа. ДА/НЕ<br>2. Мајката го пофали синот за неговата послушност. ДА/НЕ<br>3. Треба да се даваат подароци ако децата се послушни. ДА/НЕ<br>4.Гушкањето е подарок кој секој може да го подарува. ДА/НЕ<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор. | 59 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците се воведуваат во тема „ Мојот најубав подарок“. Се искажуваат за подароците кои ги добиле по некој повод: роденден, имenден, Нова година, семеен празник, верски празник, посета од роднини или пријатели и сл.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Следат насоки за писмено раскажување на случка во која добиле најубав подарок. При пишувањето посебно внимание треба да обрнат на редоследот на зборовите во реченицата и на интерпункциските знаци.<br>*Учениците ги читаат своите раскази и се прави содржинска анализа.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците добиваат работен лист каде со примена на техника Пајакова мрежа. треба да си направат кратка анализа на својот расказ. Активноста може да се реализира во времето за продолжен престој .<br><br>*Меѓупредмтна корелација со ликовно образование и музичко образование.*<br>**Рефлексија** | работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно и писмено раскажува по зададена тема или тема по избор<br><br>Активно учество во дискусија<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 60 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците внимателно слушаат читање на текст „Bukvite Lj lj i Nj nj“<br>Одговараат на прашања:<br>• Кои букви се сретнале?<br>• Зошто била тажна буквата Њ?<br>• Како ја тешела буквата Љ?<br>• Како им поминало заедничкото патување?<br>• Што се случило за да исчезне тагата?<br>*Учениците се искажуваат во кои зборови ги забележале буквите Љ и Љ - Кољо, Пчиња, бањаат, Љубен, Дуња, Кољо, Иљо, Тања, Соња, дечиња.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Љљ, Њњ од кирилицата со латиничнте букви Lj lj и Nj nj преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>dinja, mačinja, ljubičica, Ljubljana, konj, Tanja, pilinja, ljubov, viljuška … | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците се насочуваат да кажуваат реченици со изучените букви и истите се запишуваат на табла и во тетратките<br>• Vo dvorot igraa Tanja i Vanja.<br>• Ljuben jadi dinja.<br>• Svinjata se valka vo tinja.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Штафетно читање на текст „Bukvite Lj lj i Nj nj“ стр. 38.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 61 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците цртаат Т табела во своите тетратки. Наставникот ги насочува за време на 2 минути да пронајдат и напишат што повеќе зборови кои ги содржат буквите Ф и Х на различни позиции во зборот.<br>Ф: Филип, кофа, фока ,филм фал, фен фрижидер филџан, фудбал...<br>Х: Христина Холандија шах, хокеј хулахоп водух, дух...<br>*Наставникот за запишува зборовите кои ги кажуваат учениците на таблата<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Фф, Хх од кирилицата со латиничнте букви Ff, Hh преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви. Зборовите се превземаат од Т табелата и учениците запишуваат зборови по избор или сите зборови зависно од брзината на пишување: | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Filip, Frosina, Hristo, Hristina, hotel, fudbal…<br>*Учениците се насочуваат да кажуваат реченици со изучените букви и истите се запишуваат на табла и во тетратките<br>• Fatma pie kafe vo fildžan.<br>• Hristo prestojuva vo hotel vo Ohrid.<br>• Filip e fudbaler.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Хорово читање на текст „ Hristijan i Hristina“ . Потоа секој ученик чита по една реченица- штафетно читање.<br>***Домашна работа-*** *Да се извежбаат за читање изучените текстови од претходните часови*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td><td>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви</td><td>62</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>*Повторување на изучените букви преку постер плакати. Се разгледуваат текстовите кои се обработуваа претходните часови при обработка на печатните букви од латиницата.<br>- Hristina I Hristijan - Bukvite Lj I Nj<br>- Cuden den - Esen vo sumata<br>- Zoran I gulabot - Bojan i robotot<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Секој ученик се проверува во читање на одреден текст. Се прави заеднички договор за начинот на избор на текстовите кои ќе се читаат:<br>- Наставникот да одреди текст кој ќе го чита ученикот ;<br>- Ученикот сам да избере кој текст ќе го чита;<br>- Соученик да одреди кој текст да го чита ученикот<br>*Учениците гласно ги читаат. Може да се мери и времето на читање на еден текст и да се поттикнуваат за развивање на брзина на читање.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>* Учениците се самооценуваат за читање дали се задоволни од брзината на читање.<br>• Што ќе направат за да го подобрат читањето?</td><td>табла<br><br>учебник<br><br>штоперица</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае изучените печатни букви од латиницата<br><br>Чита кратки текстови со печатни латинични букви<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |